**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 08-44
07.03. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп 1 бр.08-44 од 28.02.2017 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.08-136 од 05.01.2015 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери,Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 27.02.2017 година, согласно Заклучокот бр.02-984/4 од 27.02.2017 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-44 од 28.02.2017 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.08-136 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14,101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 10 став

5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-44 од 28.02.2017 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, бр.08-136 од 05.01.2015 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;
- Агенција за електронски комуникации.